# РЕЦЕНЗИЈА

за ред. проф. м-р Невзат Бејтули,

кандидат за дописен член на МАНУ

Невзат Бејтули-Кица е докажан и признат ликовен уметник кој, во својата досегашна работа, постигнал значајни резултати и се здобил со заслужен углед во уметничките кругови.

Роден е во 1962 година, а дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, во 1993 година. Магистерски студии завршил во Приштина, во 2002 година. Во 2004 година е избран за доцент по предметот Акт 1 и Акт 2 на Факултетот на уметности при Државниот универзитет во Тетово. Во 2009 година е избран за вонреден професор, а во 2015 година за редовен професор на истиот факултет.

Невзат Бејтули приредил десетина самостојни изложби, а учествувал на голем број групни. Забележливо е неговото континуирано присуство, од 2002 до 2021 година, на сите „Зимски салони" во Тетово.

Автор е на десетина портрети на видни и заслужни културни, научни и политички дејци, како и на бистата во бронза на Макс ван дер Штул, сопственост на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово.

Невзат Бејтули ја добил престижната награда за сликарство „Петар Мазев". Во 2014 година е прогласен за „Остенов уметник на годината", а во 2015 година ја добил наградата „Златен остен".

Неговите сликарски дела се реализирани во традиционалната техника на академскиот реализам, со извесни акценти на симболизмот и на експресионизмот. Препознатлива одлика на неговото творештво е обработката на темата човекот и коњот, кон којашто опсесивно се навраќа. Обвиткувајќи ги своите слики со една аура на епското минато, тој создава еден свет од баладите и легендите, во кој централно место заземаат човекот и неговиот верен сопатник – коњот. Митолошката врска помеѓу двете суштества е исполнета со алузии од колективното сеќавање и фолкорното наследство и, во основа, го содржи поливалентниот однос кој постои помеѓу историјата и природата, чиишто противставености сликарот прави напори да ги реши низ помирување на спротивностите. Сликани со еден здржан колорит, со цртеж во кој постои тенденција за сведување на облиците на некои архаични форми што асоцираат на древните ликовни поетики, делата на Невзат Бејтули-Кица пројавуваат стремеж кон рустичност и монументалност.

Невзат Бејтули е уметник кој зазема истакнато место на ликовната сцена во Република Северна Македонија. Тој, како сликар, дава значаен придонес кон разновидноста и мултиестетското изобилство на правците и постапките што постои во современиот миг на македонското сликарство, на што треба да се додаде и неговата дејност како педагог кој, во областа на образованието, несебично им го пренесува своето искуство на идните генерации ликовни уметници.

Врз основа на изнесеното, може да се констатира дека кандидатот м-р Невзат Бејтули ги исполнува условите да биде избран за дописен член на МАНУ.

Предлагам м-р Невзат Бејтули да биде избран за дописен член на Македонската академија на науките и уметностите.

акад. Влада Урошевиќ, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

за Невзат Бејтули,

кандидат за дописен член на МАНУ

Невзат Бејтули е роден во 1962 година, во село Ѓурѓовиште, Гостиварско. Академија за ликовни уметности во Скопје завршил во 1993 година, а магистерски студии, во Приштина, во 2002 година, под менторство на проф. Реџеп Фери. Во 2009 година, избран е за редовен професор на Факултетот по уметности на Државниот универзитет во Тетово.

Невзат Бејтули учествувал на многобројни самостојни и групни изложби во земјата и во странство, за кои се изработени соодветни каталози со текстови на значајни проследувачи на ликовната уметност. За неговото дело се изработени и одделни монографии, а меѓу поважните негови творби од општествено значење спаѓаат портретите на Макс ван дер Штул, Исмаил Кадаре, Ферид Мурат и др. Невзат Бејтули учевствувал на многу нацонални и меѓународни колонии и биеналиња и добитник е на голем број уметнички награди, за своето творештво во земјата и во странство.

Според авторката на една од рецензиите за Невзат Бејтули-Кица, проф. Нора Халими, како негова колешка која одблизу ја следи неговата работа, кандидатот е значаен не само како еден од највидните сликари во Македонија туку и како педагог кој едуцирал голем број генерации.

Невзат Бејтули е уметник визионер, чија работа претставува спој на традиционалната техника со традиционални, но истовремено, и со современи теми. Циклусот на уметнички дела за човекот и коњот е централен во творештвото на Бејтули. Како Глигор Чемерски, со мотивот за Свети Георги и ламјата, со варирање и со удвојување на темата (човек-коњ, коњ-човек), но сосема самосвојно, Бејтули ги возобновува митовите, приказните и балканските легенди, на особен начин, низ поетски пристап барајќи ги универзалните врски и созвучја. Преку тоа симболично двојство, тој ја преобразува историјата во традиција и во културно наследство.

Убавината е во тоа што истиот стремеж е даден на различни начини и со свој ликовен пристап, препознатлив по лиричноста, по експресивниот стил кој се движи меѓу лирското и епското, и по препознатливата мека палета на границата помеѓу сонот и јавето, стварното и

имагинарното. Сликарството на Невзат Бејтули-Кица, со некои свои карактеристики, потсетува на древното пештерско сликарство, на зародокот на цртежот и на сликата, кога во просторот лебдат речиси проѕирни силуети, карактеристики кои се среќаваат во симболичното сликарство, како кај Одилон Редон, но и низ многу други фази на ликовната уметност, од Бош до Шагал, па сè до современите светски и домашни сликари.

Сето наведено го препорачува Невзат Бејтули-Кица за дописен член на МАНУ.

акад. Митко Маџунков

